РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-795/3
04-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 60-тата седница одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2066/1 од 28.03.2019 година, оформен по доставена пријава со наводи за непостапување на овластен градежен инспектор по поднесено барање, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а предметната пријава ќе ја достави до градоначалникот на Општина ///.

Предметот со број 12-2066/1 од 28.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител - /// од /// на ден 28.03.2019 година поднесена е пријава со наводи за непостапување на овластен градежен инспектор на Општина /// по поднесено барање, и оформен е предмет со број 12-2066/1 од 28.03.2019 година.

Според наводите изнесени во пријавата, од страна на подносителот на пријавата до овластениот градежен инспектор на Општина /// во 2018 година било поднесено барање за вршење надзор над градба која според подносителот на пријавата била изградена од страна на неговиот сосед без поседување на градежна дозвола. Според подносителот на пријавата, градежниот инспектор не одговорил на барањето по што подносителот со барање и со ургенција се обратил и до градоначалникот на Општина ///, но повторно не добил одговор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до овластениот градежен инспектор на Општина /// и до градоначалникот на Општина ///.

Од страна на градоначалникот на Општина /// до ДКСК беа доставени бараните информации и по извршениот увид во истите утврдена е следната фактичка состојба:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на лицето /// од /// до овластениот градежен инспектор на ден 01.10.2018 година било поднесено Барање за вршење инспекциски надзор со број ///, на кое не било одговорено од причина што единствениот овластен градежен инспектор во општината користел права од работен однос – боледување и денови од годишен одмор, по што неговиот работен однос престанал, за што од страна на градоначалникот до подносителот на барањето било испратено известување за неможност за постапување по претставки поврзани со надлежностите на овластениот градежен инспектор. Во истото е наведено дека по барањето ќе се постапи по назначување на овластен градежен инспектор за територијата на Општина ///.

Од увидот во доставените информации и документација ДКСК утврди дека заклучно со 17.03.2020 година Општина /// сè уште немала започнато постапка за вработување на овластен градежен инспектор.

ДКСК ќе ја достави предметната пријава до градоначалникот на Општина /// и ќе побара преземање на соодветни дејствија заради постапување по барањата за вршење на инспекциски надзор испратени од страна на подносителот на пријавата.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk